**Општина Кривогаштани**

ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

Бр.24-30/3
од 15.01.2025 год
Кривогаштани

Градоначалникот на општина Кривогаштани решавајќи по Мислењето по јавен увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 1120-ДЕЛ, КП 1121/1, КП 1128, КП 1130, КП 1131, КП 1133/1, КП 1134 и КП 1135 КО Врбјани, Општина Кривогаштани број 24-30/2 од 09.01.2025 година, изработено од Комисијата за урбанизам на Општина Кривогаштани, врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 1120-ДЕЛ, КП 1121/1, КП 1128, КП 1130, КП 1131, КП 1133/1, КП 1134 и КП 1135 КО Врбјани, Општина Кривогаштани, со технички број 75/24 од Октомври 2024 год. изработен од „Перкан Проект“Дооел Прилеп.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Кривогаштани, со Решение број 09-1417/1 од 31.12.2021 година, по разгледувањето на приложената документација и извршениот увид достави Мислење по јавен увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 1120-ДЕЛ, КП 1121/1, КП 1128, КП 1130, КП 1131, КП 1133/1, КП 1134 и КП 1135 КО Врбјани, Општина Кривогаштани, Општина Кривогаштани, број 24-30/2 од 09.01.2025 година.

Градоначалникот на Општина Кривогаштани по извршениот увид на приложената документација и Мислењето од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20).

Врз основа на погоре споменатото и согласно член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање, донесе Решение како во диспозитивот.

Изработил,
Гоце Нешкоски

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски